

# Phonak слушни решенија за секого

A Sonova brand

PHONAK
life is on

# Дали Вие или некој Ваш близок страда од оштетен слух?

Способноста за слушање е составен дел од животот. Слухот е дар, но дали доволно го цениме? Оштетувањето на слухот, значително ја намалува разбирливоста на говорот.

**Дали се препознавате читајќи ги следните прашања?**
Доколку одговорите со „ДА“ на неколку од овие прашања, можеби имате оштетен слух.

- Дали Ви се чини дека луѓето околу Вас зборуваат нејасно?
- Дали чувствувате потреба телевизорот или радиото да бидат пуштени погласно?
- Дали Ви е полесно да разберете машки глас, отколку женски и детски глас?
- Дали потешко го слушате ѕвончето на вратата или Вашиот мобилен телефон?
- Кога сте во бучна средина, дали имате потешкотии да пратите разговор?
- Дали ги ограничувате Вашите социјални активности, поради тоа што потешко слушате и следите разговори?
- Дали некој Ваш близок Ви укажал дека можеби имате проблеми со слухот?



# Вашиот аудиограм

Вашиот специјалист за слушни помагала ќе Ви направи испитување на слухот и ќе Ви ги објасни резултатите со помош на аудиограм.




## Кога гласовите стануваат нејасни

Оштетувањето на слухот може да настане постепено, без да бидете свесни за тоа. Некои звуци ги слушате добро, но некои стануваат потивки и потешко можете да ги слушнете. Како резултат на тоа, комуникацијата станува потешка и бара поголем напор. Најчесто високите фреквенции се оние кои потешко ги слушате. Меките, високо-фреквентни консонанти како **„с“**, **„ф“**, **„ш“** и **„т“** играат главна улога во разбирливоста на говорот. Тоа е причината поради која луѓето најчесто велат *„Слушам, но не разбирам“*.

# Програми, карактеристики и придобивки

## Звукот е дел од Вашиот живот

Каде и да сте, Вашите очекувања во однос на слушањето и разбирливоста на говорот се големи. Ние правиме се за да ги исполниме Вашите очекувања, независно од средината во која се наоѓате. Супериорната технологија на Phonak Belong платформата нуди уникатни карактеристики со цел да се збогати искуството на корисникот во секојдневниот живот. Phonak е избор за оние кои го бараат најдоброто од своите слушни помагала.

**Доловување звуци со двете уши**
Нашите две уши дејствуваат како еден систем. Едното уво е насочено кон нашата лева страна, а другото кон нашата десна страна. Оштетувањето на слухот најчесто настанува и на двете уши. Доколку само едното уво е во функција, невозможно е да се утврди изворот на звукот. Квалитетот на звукот и разбирливоста на говорот се значително подобри кога корисникот носи слушни помагала на двете уши.



**Binaural VoiceStream Technology™**
Нашата уникатна Binaural VoiceStream Technology™ го препознава говорниот сигнал и го пренесува на двете уши. На тој начин значително се зголемува разбирливоста на говорот. На следните страници можете детално да ги видите карактеристиките и предностите. (За повеќе информации во врска со карактеристиките, погледнете на страница 8).

**Phonak AutoSense OS™**
**Лесно се прилагодува при секоја промена на средина.**
Phonak AutoSense OS е интелигентен оперативен систем кој овозможува слушното помагало Phonak Belong прецизно да ја препознае средината во која се наоѓате, со цел да Ви овозможи комфорно, непречено слушање во текот на целиот ден.



# Вашите придобивки според нивоата и карактеристиките

Phonak Belong производите се достапни во четири нивоа според цената и карактеристиките.

**Премиум (П)**
Наменети за оние особи кои го сакаат и очекуваат најдоброто. Благодарение на комплетниот сет на карактеристики кои извонредно и ефикасно се прилагодуваат кон сите предизвици. Овие слушни помагала оптимално ја поддржуваат разбирливоста на говорот дури во најтешките ситуации за слушање.

**Напредно (Н)**
Совршен баланс помеѓу перформансите и цената. Импресивен пакет на функции, кој ја подобрува способноста за слушање во различни средини, вклучувајќи ги и оние со умерено ниво на заднинска бучава.

## Потребите на корисникот

| |  Лични разговори |  Разговори со колеги |  Телефонски разговори |  ТВ опција |  Музика * |
|---|---|---|---|---|---|
| **Премиум (П)** | ● | ● | ● | ● | ● |
| **Напредно (Н)** | ● | ● | ● | ● | ● |
| **Стандардно (С)** | ● | ● | ● | ● | ○ |
| **Основно (О)** | ● | | | | |

* Достапно како дополнителна програма за стандардните и основни нивоа на слушни помагала.

**Стандардно (С)**
Идеално за оние особи кои сакаат добра технологија за достапна цена. Поседува одличен сет од функции кои овозможуваат добро слушање во средини со минимално до умерено ниво на заднинска бучава.

**Основно (О)**
Овие производи се наменети за особи кои бараат прифатливо решение по достапна цена. Наменети за подобрување на секојдневните комуникациски способности, главно во тивка средина или средина со минимална заднинска бучава.








| Слушање звуци од секоја насока | Разговори во ресторани | Управување со возило | Социјални настани | Надворешни активности | Посета на музеј |
|---|---|---|---|---|---|
| • | • | • | • | • | • |
| • | • | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

# Карактеристики и придобивки од слушните помагала

| Карактеристики | Придобивки | П | Н | С | Е |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Speech in Noise**<br>Ја намалува заднинската бучава, со цел да се фокусирате на соговорникот. | ● | ● | ● | ● |
| | **Calm Situation**<br>Овозможува комфорно слушање при конверзација со соговорникот. | ● | ● | ● | ● |
| | **SoundRecover**<br>Овозможува едноставно слушање на високите фреквенции. | ● | ● | ● | ● |
| | **WhistleBlock**<br>Го отстранува свирењето кое доаѓа од слушното помагало за подобар фокус кон разговорот со соговорникот. | ● | ● | ● | ● |
| | **NoiceBlock**<br>Ја отстранува бучавата без притоа да влијае на разбирливоста на говорот. | ● | ● | ● | ● |
| | **Comfort in Noise**<br>Ги намалува прегласните звуци и овозможува поголем комфор во слушањето. | ● | ● | ● | |
| | **Acoustic Phone**<br>Овозможува поголема разбирливост при разговор по телефон, така што гласот на соговорникот се пренесува на двете слушни помагала истовремено. | ● | ● | ● | |
| | **Music***<br>Овозможува одлично слушање на музика. | ● | ● | ○ | |
| | **Speech in 360°**<br>Автоматски го селектира изворот на звук и ја подобрува разбирливоста на говорот. | ● | ● | | |
| | **Speech in Loud Noise****<br>Овозможува поголема разбирливост на соговорникот кога тој се наоѓа пред Вас, на пример, при разговор со пријатели во ресторан. | ● | | | |
| | **Speech in Car**<br>Уживајте во патувањата и разговорите со помалку напор. | ● | | | |
| | **Speech in Wind**<br>Уживајте во разговорите при изложеност на ветар. | ● | | | |
| | **Confort in Echo**<br>Го намалува ехото, правејќи го комфорно слушањето во бучни простории и средини. | ● | | | |

* Достапно како дополнителна програма за стандардните и основни нивоа.
** Достапно како дополнителна програма за слушните помагала со напредно ниво.

**П** Премиум **С** Стандардно
**Н** Напредно **О** Основно

# Стилови на слушни помагала

## Канални модели



Овие модели се направени да одговараат на обликот на Вашиот ушен канал за максимална корист и најдобар можен комфор. Тие се достапни во неколку нијанси на беж боја, дискретни се и многу ефикасни. Најмалите модели се поставуваат подлабоко во Вашиот ушен канал и се практично невидливи. Овие модели се погодни за мало до големо ошетување на слухот.



Nano ITC–Concha CIC-Concha MC-Concha CIC-Concha

## Ресивер во канал модели (RIC)



Овие модели се помали од стандардните задушни помагала и се достапни за мало до големо оштетување на слухот. Тие се удобни за носење, дискретни и достапни во многу различни бои, стилови и дизајни.



10 312 312T 13 B-R B-Direct

## Задушни модели (BTE)



Задушните модели се достапни за сите степени на оштетување на слухот. Овие модели се удобни за носење, достапни во многу различни бои, стилови и дизајни.



M P B-PR SP UP

# Технологија на полнење

## Уживајте во 24* часовно слушање со помош на технологијата на полнење, life is on

Со технологијата на полнење на слушните помагала, нема повеќе проблеми со еднократна употреба на батерии кои се мали и тешки за ракување. Со овие целосно опремени слушни помагала  на полнење, можете да се осигурате дека Вашите слушни помагала се соодветно наполнети и подготвени за употреба. Слушните помагала на полнење се достапни во задушните (BTE) и ресивер во канал (RIC) производни линии.




* Очекувани резултати кога батеријата е целосно полна и 80 минути време на безжичен стриминг. Ве молиме погледнете на www.phonakpro.com/evidence

- Овозможува 24 часа слушање со едно едноставно полнење
- Најбрзо полнење на слушни помагала досега
- ΙЛитиумско-јонска технологија на батерија
- ΙНема повеќе батерии за еднократна употреба
- Можност за полнење во движење



# Phonak Audéo™ B

## Вашите слушни помагала автоматски се прилагодуваат кон секој звук, life is on

**Phonak Audéo B** слушните помагала се создадени да го поедностават Вашиот живот и да го направат Вашето слушање подобро. Audéo B е RIC модел на слушно помагало, кое поседува уникатен оперативен систем наречен AutoSense OS. Овој систем ја анализира средината во која се наоѓате и ги прилагодува слушните помагала соодветно. Овие слушни помагала се целосно автоматски, и се што треба да направите е само да ги вклучите.

Audéo B е достапен во 6 модели (вклучувајќи го и моделот на полнење), 4 нивоа на изведба и 9 бои.


Audéo B-10


Audéo B-312


Audéo B-312T


Audéo B-13


Audéo B-R


Audéo B-Direct

## Вашите слушни помагала директно се поврзуваат со секој мобилен телефон*, life is on

**Phonak Audéo B-Direct** лесно се поврзува со Вашиот мобилен телефон или телевизор, и со се останато околу Вас.

- Уживајте во слободата на универзалната поврзаност
- Компатибилен со секој Bluetooth телефон

- Одговорете на телефонските повици само со допир на слушните помагала
- Разговарајте безжично и hands-free со Вашите слушни помагала

- Искусите одличен квалитет на звук на Вашиот ТВ
- Вашите слушни помагала можат да служат како безжични ТВ слушалки

* Со Bluetooth® 4.2 технологијата и со повеќето постари модели на Bluetooth телефони

# Phonak Bolero™ B

## Вашите слушни помагала автоматски се прилагодуваат кон секој звук, life is on

Phonak Bolero B е сеопфатно портфолио на задушни помагала наменето за мало до тешко оштетување на слухот. Bolero B слушните помагала се идеално решение доколку преферирате најдобро слушање и одлични перформанси во робустно, водоотпорно куќиште.



Bolero B слушни ја препознаваат и автоматски се прилагодуваат кон средината во која се наоѓате. AutoSense оперативниот систем точно ја доловува и анализира звучната околина, и потоа, прецизно ги одредува елементите од повеќе програми во реално време за да обезбеди беспрекорно слушање.

Bolero B е достапен во 4 модели (вклучувајќи и модел на полнење), 4 нивоа на изведба и 9 бои кои одговараат на Вашите индивидуални потреби.



Bolero B-M



Bolero B-P



Bolero B-SP



Bolero B-PR

# Phonak Virto™ B

## Биометриските слушни помагала Ви овозможуваат пристап до подобри перформанси, life is on

**Phonak Virto B** е првото слушно помагало во светот, кое поседува технологија на биометриска калибрација, дизајнирано да Ви овозможи пристап до подобри перформанси според Вашите индивидуални потреби.

- Прецизно калибриран според Вашата анатомија на уво
- Целосно автоматско слушно помагало
- Индивидуално изработено според Вашиот ушен канал

Phonak Virto B е достапно во повеќе бои и модели. Вашиот специјалист за слушни помагала ќе Ви посочи кое решение е најсоодветно за Вас.



невидливо — мало

## Каналното слушно помагало може да биде и титаниумски модел, life is on

**Phonak Virto B-Titanium** е најмалото канално слушно помагало на Phonak досега! Целосно во уво, дискретно и незабележливо за околината.



- Најмалото канално слушно помагало досега
- Изработено по мерка на Вашиот ушен канал
- Изработено од силен, лесен и траен титаниумски материјал

# Решенија за големо оштетување на слухот

## Технологијата на голема моќност Ве зближува, life is on

Добро слушање и поголема разбирливост на говорот е тоа што секој корисник го очекува од своето слушно помагало. **Phonak Naída™ B** овозможува поголема разбирливост на сите звуци кои се важни за Вашето секојдневие. Naida B е единственото слушно помагало наменето за возрасни особи со големо до тешко оштетување на слухот. Со ова помагало можете да уживате во сите убави моменти од животот.

Куќиштето на овој модел е робустно, отпорно на вода и прашина, и нуди неспоредлива сигурност и доверба за сите корисници на слушни помагала со голема моќност.

Во комбинација со Roger™ технологијата ќе добиете до 62% поголема разбирливост на говорот во бучна средина, како и од поголемо растојание. Овие врвни технологии Ви овозможуваат пристап до поголема комуникација (За повеќе информации, погледнете на страница 15).



Naída B-R RIC



Naída B-SP



Naída B-UP



# Roger за возрасни

## Подобра комуникација

Денешната технологија на слушни помагала ја подобрува разбирливоста на говорот во секоја средина. Сепак, дури и најмоќните слушни помагала имаат ограничувања, особено во многу бучни места или при разговор од поголема далечина. Портфолиото на Роџер се состои од безжични микрофони и приемници. Роџер е дигитален безжичен уред, специјално дизајниран за подобрување на Вашите перформанси при слушање.



**Roger Pen/EasyPen**
Практични микрофони кои овозможуваат дополнителна поддршка во бучна средина и од поголемо растојание.



**Roger Clip-On-Mic**
Мал и лесен додатен микрофон.



**Roger Select**
Разновиден микрофон, идеален за статични ситуации како што се рестораните. Поставен во средина на масата, дискретно и автоматски го избира лицето кое зборува и непречено врши префрлање на звукот од еден соговорник на друг.



**Roger Table Mic II**
Наменет за возрасни кои работат и учествуваат на состаноци. Го селектира лицето кое зборува и автоматски се префрла кон него.

За подетални информации во врска со уредите за безжична комуникација, обратете се кај Вашиот специјалист за слушни помагала.

# Педијатриски решенија од Phonak за оштетен слух



## Новата технологија на слушни помагала целосно го открива потенцијалот на детето, life is on

Секој родител го сака најдоброто за своето дете. Исто така и Phonak. Повеќе од 4 децении Phonak е посветен на потребите на децата со оштетен слух, развивајќи вистински иновативни и интуитивни решенија кои ги задоволуваат нивните специфични потреби за слушање. Од првите зборови на мајката или таткото, шегите споделени со пријателите, предавањата во средно училиште, со Phonak, на Вашето дете му се овозможува одлично да слуша и учествува во сите активности.

**Phonak Sky™ B** нуди широк спектар на слушни помагала за мало до тешко оштетување на слухот кои се специјално дизајнирани за деца и тинејџери.

- Отпорни на вода и прашина
- Поседуваат опции за зголемена безбедност
- Робустно куќиште, дизајнирано за секакви активности
- Светло со индикатор кое јасно го покажува статусот на слушното помагало
- Достапен е модел за полнење
- Достапни се повеќе дизајни и бои кои можат да се комбинираат
- Sky B заедно со Roger™ им овозможува на децата подобро слушање на нивните врсници и наставници во училница



# Изберете Roger
# за подобра едукација



## Премостување на јазот во разбирањето на говорот

Децата имаат енергичен живот. Нивниот свет постојано се обликува по интеракцијата со нивната средина, со која треба да се чувствуваат поврзани. Модерните слушни помагала вршат одлична работа, но средина со поголема бучава може да биде предизвик. За таа цел е создадено Roger дигиталното безжично портфолио, кое во комбинација со слушните помагала, го подобрува резултатот кај децата со оштетен слух, во нивната домашна средина, на училиште или надвор со пријателите.





**Roger Touchscreen Mic**
Едноставен кориснички интерфејс наменет за употреба во училница. Со помош на автоматската функција на микрофонот, врши префрлање на гласот од индивидуата кон група-та, зависно од неговата поставеност.



**Roger Pass-around**
Дизајниран за подобрување на дискусии-те во училница, со цел јасно и разбирливо слушање на наставниците и учениците.



**Roger Pen/EasyPen**
Едноставни и практични микрофони кои обезбедуваат дополнителна поддршка во бучна средина и од поголемо растојание.

За подетални информации во врска со уредите за безжична комуникација, обратете се кај Вашиот специјалист за слушни помагала.

# Безжични додатоци од Phonak

## Подобрете ги перформансите на Вашите слушни помагала

Модерната технологија на слушните помагала го прават слушањето и разбирањето пријатно во повеќето ситуации. Но, кога зборувате на телефон, гледате телевизија или сте на бучно место, следењето на говорот понекогаш може да биде потешко. За таа потреба се наменети безжичните додатоци на Phonak.

Поврзете го Вашето слушно помагало со Bluetooth приемник, со едноставно притискање на копче. Звукот автоматски се прилагодува кон Вашето оштетување на слух. Уживајте гледајќи омилен филм со Вашето семејство, разговарајте по телефон со старите пријатели, примете упатства од Вашиот систем за навигација во автомобилот без да ја зголемите јачината на звукот. Откријте ги придобивките на безжичната опрема на Phonak и консултирајте се со Вашиот специјалист за слушни помагала.



**Phonak PilotOne**
Phonak PilotOne е мал далечински управувач, кој овозможува лесна промена на јачината на звукот и програмите на слушните помагала.



**Phonak RemoteMic**
Мал и лесен, Phonak RemoteMic е едноставно решение за водење разговори оддалеку со една особа. Поставен на облеката на соговорникот, директно го пренесува неговиот глас до двете слушни помагала преку ComPilot или ComPilot Air.





**Phonak ComPilot/ComPilot Air**
Phonak ComPilot и ComPilot Air безжично ги поврзуваат Вашите слушни помагала со Вашиот телефон, МП3 плеер и многу други Bluetooth уреди. Го лоцира изворот на звукот и со висок квалитет го пренесува директно до Вашите слушни помагала.



**Phonak DECT**
Бежичниот телефон Phonak DECT е моќен телефонски уред, кој го пренесува звукот до  двете уши истовремено и ја зголемува разбирливоста на говорот, а притоа ја намалува заднинската бучава. Поседува дури и опција за појачување на звукот кога не ги носите Вашите слушни помагала. Овој уред може да се користи и како стандарден телефонски уред од страна на целото семејство.

За подетални информации во врска со уредите за безжична комуникација, обратете се кај Вашиот специјалист за слушни помагала.



Life is on

Ние имаме разбирање за потребите на сите оние кои зависат од нашето знаење, идеи и грижа. Со креативните предизвици на технологијата, развиваме иновации кои им помагаат на луѓето да слушаат, разбираат и искусат повеќе од широкиот спектар на звуци.

Комуницирајте слободно. Комуницирајте со доверба. Живејте без граници. Животот продолжува.

www.phonak.com

**Генерален застапник за Македонија:**

**СЛУХ 1**
Бул. „Партизански одреди", бр. 66 А/2–1М,
1000 Скопје
Тел.: +389 2/3076-061
Тел./факс: +389 2/3076-062
www.sluh.com.mk
www.phonak-macedonia.com

HEAR THE WORLD

028-XXXX-Macedonian/V6.00/2018-07/SB Printed in Bulgaria © Sonova AG All rights reserved